**ЗАПИСНИК**
**од 6-та Јавна седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**
**одржана на 08.08.2022 година**

**Присутни членови на Советот на Агенцијата:** Лазо Петрушевски претседател на Советот на АААМУ, Селвер Ајдини заменик на претседател на Советот на АААМУ, м-р Алма Машовиќ, д-р Методија Јанчески Зоран Фиданоски.

**Отсутни членови на Советот на Агенцијата:** Лазар Трајчев (годишен одмор).

**На седницата беше присутен д-р Зоран Трајчевски директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.**

**Присутни од Стручната служба:** м-р Драгица Љубевска, Горан Радуновиќ, м-р Емилија Јаневска, м-р Магдалена Давидовска Довлева, м-р Ивона Муфишева, Маја Дамевска, м-р Ивана Стојановска.

**Други присутни:** Сашко Поп-Ангелов, адвокат и застапник на ТРД Капитол ФМ ДООЕЛ Скопје и Перо Ристоски управител на ТРД Капитол ФМ ДООЕЛ Скопје.

Г-дин Петрушевски ја отвори 6-та Јавна седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Седницата започна во 14:00 часот и се одржа во просториите на Агенцијата, конференциска сала, втори кат.

Г-дин Петрушевски информира дека на седницата не е присутен г-дин Трајчев бидејќи користи годишен одмор и се наоѓа во странство. Додаде дека на седницата се присутни и Сашко Поп-Ангелов, адвокат и застапник на ТРД Капитол ФМ ДООЕЛ Скопје и Перо Ристоски управител на ТРД Капитол ФМ ДООЕЛ Скопје.

Советот на Агенцијата едногласно го усвои следниот:

**Д Н Е В Е Н   Р Е Д**

1. Образложение од Трговското радиодифузно друштво КАПИТОЛ ФМ ДООЕЛ Скопје, во врска со постапката за бришење од регистарот на радиодифузери.
2. Разно.

**Точка 1**

Г-дин Петрушевски објасни дека согласно ЗААВМУ оваа точка е предвидена за обраќање на претставник на медиумот до Советот за да даде свое видување за настаните поврзани со радиодифузерот. Потсети дека на минатата Јавна седница која што исто така беше наменета за образложение на радиодифузерот, управителот на РА Капитол даде свое детално образложение и секако според ЗААВМУ, Агенцијата и Советот се должни и овој пат да го сослушаат радиодифузерот.

Г-дин Поп-Ангелов адвокат и застапник на ТРД Капитол ФМ ДООЕЛ Скопје во врска со поканата за присуство на 6-та Јавна седница упатена до него и управителот на РА Капитол рече дека ќе даде приговор за начинот на кој што медиумот бил поканет да присуствува од причина што претходно беше одложена седницата. Поканата му била доставена утрово преку доставувач, исто така ја примил и по пошта. Согласно Законот за општа управна постапка начинот на доставување на поканата го смета за неуредно и од таа причина укажа на прекршување на Законот и на ускратување на правата на радиодифузерот да биде уредно поканет, потоа уредно известен за причините бидејќи ова е втора седница, додека претходната јавна седница од нивна страна не била прифатена, но Советот сепак ја одржал. Во меѓувреме ја добил и Одлуката за одземање на дозволата за радио емитување на ТРД Капитол ФМ ДООЕЛ Скопје која ја примил и која ќе биде обжалена и ќе биде поведен управен спор против неа. Укажа на фактот дека за целата постапка која се води од страна на АВМУ, не била доставена причината до радиодифузерот за одземање на дозволата за кое што смета дека претставува суштествена повреда на постапката бидејќи во писмениот одговор кој бил доставен од нивна страна, фактите и аргументите кои што биле наведени во истиот, се однесуваат на околност дека постои бришење на правниот субјект од страна на Централниот регистар на РСМ. Но, АВМУ во постапката за одземање на дозволата постапила по сосема друг однос односно поради тоа што од страна на Агенцијата за електронски комуникации АВМУ е известена дека не постои платен надомест за радио фреквенција и тоа е причината за одземање. Во оваа смисла Одлуката од АЕК врз основа на која се врши одземање на фреквенцијата е исто така оспорена и во постапка е управен спор против таа одлука, со што Решението на АЕК не е правосилно бидејќи во тек е управен спор. Наведе дека за сето ова ќе достави до Советот на АВМУ доказ, дека Решението на АЕК е оспорено со тужба која е поднесена на 18.05.2022 година, уредно евидентирана пред Управен суд на РСМ и по која што тужба од страна на Управниот суд нема сè уште одговор. Врз основа на фактот дека во тек е постапка, Барањето кое што е доставено до Советот, кое што го лоцира во образложението во одлуката, не е доставено до радиодифузерот, па од таа причина не се во можност да се произнесат во однос на овој доказ кој што е доставен од страна на АЕК до АВМУ, а по кое што АВМУ постапува и иницира постапка. Во врска со тужбата со која се оспорува Решението на АЕК, објасни дека во тоа Решение, во диспозитивот на самото Решение не постои причина заради која што се носи истото, односно се генерализира дека постои неплатен надоместок, меѓутоа по однос на доставените фактури кој што ги примил радиодифузерот во врска со ова Решение е постапено од негова страна и надоместокот е платен и за сето тоа во тужбата има докази, уплатници, фактури врз основа на кои што постапувањето на АЕК по однос на уплатата и по однос на ваквото незаконито Решение кое нема диспозитив и кое што нема износ односно сума колкав надомест се побарува, истото е платено и поради таа причина Агенцијата по сила на Закон мора да го поништи сопственото Решение за одземање. Напротив, од нивна страна е доставено Решение дека надоместокот не е платен за кое што радиодифузерот нема никакво известување.

Г-дин Ристоски управител на ТРД Капитол ФМ ДООЕЛ Скопје објасни дека има една неплатена фактура, која од кога ја платиле едната истиот ден стигнала друга.

Г-дин Поп-Ангелов рече бидејќи постои Одлука со која се одзема дозволата и бидејќи рокот е 30 дена, а одлуката ја примил пред 2-3 дена и сè уште не е поднесена тужба, но ќе биде поднесена тужба и ќе биде оспорена Одлуката на АВМУ за одземање

на дозволата за радио емитување на ТРД Капитол ФМ ДООЕЛ Скопје пред Управен суд, поради овие факти дека сега од страна на АЕК не се доставени до радиодифузерот конкретни барања за кој и каков надомест станува збор, а од страна на АЕК веќе е известена АВМУ која постапила и донела Одлука која ќе биде оспорена од нивна страна. Она што сега го предлага во понатамошниот тек на постапката е да се одложи донесувањето на Решението за бришење од регистарот на радиодифузери од страна на Советот на АВМУ и истото ќе биде побарано од АЕК бидејќи е платен надоместокот по основ на Решението оспорено пред Управен суд а по основ на новиот долг ќе се изврши плаќање, но проблемот со плаќањето настана бидејќи и во самата тужба има доставено докази дека состојбата на жиро сметката е во позитива односно правниот субјект кој што е избришан не може да ја ажурира својата сметка за да може уредно да го изврши плаќањето спрема АЕК. Не е спорна таа сума што АЕК дополнително ја доставила меѓутоа спорен е начинот на плаќање бидејќи поради постапката за бришење на правниот субјект радиодифузерот не е во можност пред деловните банки да ги ажурира податоците за правниот субјект и затоа има застој односно нема можност да се изврши плаќањето поради не ажурирање на податоците. Но објасни дека од страна на радиодифузерот ќе се најде начин да се плати тој надоместок, да се поднесе тужба, потоа врз основа на нивни предлог до Советот да се изврши поништување на Одлуката за одземање на дозволата за радио емитување на ТРД Капитол ФМ ДООЕЛ Скопје, бидејќи надоместокот ќе биде платен, ќе постои доказ по основ на поднесената тужба пред Управен суд согласно му се чини член 518 од одредбите од Законот за општа управна постапка каде што постои можност да се изврши укинување на оспорената одлука пред Управниот суд по основ на поднесен управен спор со јасни напоменувања и согледувања во однос на незаконитоста односно во однос на оправданоста на тужбеното барање кое што од нивна страна ќе биде поднесено.

Г-дин Ристоски управител на ТРД Капитол ФМ ДООЕЛ Скопје наведе дека минатиот пат објаснил дека од 1994 година радиото работи и побара минимално разбирање за нивната ситуација. Објасни дека на жиро сметка има пари, но бидејќи е блокирана 6 месеци нема никаков приход и некако се снаоѓа. Централен регистар тврди дека за 2019 година не поднеле завршна сметка што не е точно па дури и казна платиле од 45 илјади денари. И ова како бумеранг оди во АЕК. Претставници од АЕК дошле кај него и му рекле петок, сабота, недела и понеделник да го угаси радиото, да плати 67 илјади и повторно да го пушти. Тој таквата постапка ја направил. Но истиот ден, понеделник, доаѓа нова фактура од нотар. Побара разбирање во име на долгогодишната соработка бидејќи се уништуваат неколку семејства и наведе дека во текот на долгогодишното работење на радиото никогаш до сега немале проблем со работењето.

Г-дин Петрушевски објасни дека намената на оваа седница согласно Законот е медиумот да си го каже своето видување за настаните. Не е предвидено никакво гласање на оваа седница и даде простор доколку некој од членовите на Советот сака да праша нешто дополнително. Објасни дека дискусиите и одлуката ќе ги водат на наредната седница во врска со предлогот на адвокатот да се одложи постапката за бришење од регистар. Бидејќи немаше повеќе дискусија ја затвори 6-та јавна седница.

**Точка 2**

**Разно**

Немаше дискусија под Разно.

**Бр. 02-3031/2**

**12-08 2022 година**
**С к о п ј е**

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**
**Претседател на Советот**

**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**